**З А П И С Н И К**
**од Сто и десеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и десеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 18.12.2018 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Ирена Ристовска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 105-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.11.2018 година
- Усвојување на Записникот од 108-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2018 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
  - План 18
  - Информација за одржана билатерална консултација со Европската комисија во врска со заштитните мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија

- Користење и имплементација на фондовите од ЕУ
  - Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2017 година за Акција 1 од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827, со усогласен текст на Спогодба

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Годишна сметка за работењето на МЖ „Транспорт“ АД-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година; Финансиски извештај со извештај на независни ревизори, Годишен извештај за работењето на МЖ „Транспорт“ АД-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со предлог-одлуки

2. Информација за потреба од обезбедување на дополнителни финансиски средства за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД-Скопје до 31.12.2018 година

3. Информација за добивање согласност на Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

4. Барање согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во државна сопственост за 2018 година, со Предлог-одлука

5. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

6. Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерско друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје бр.0202-2992 од 2.10.2018 година донесена од Одбор на директори

7. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија (20-та измена)

8. Информација за воведување на нов систем за евиденција на работното време и зголемена безбедност од проток на странки во институцијата набавен по пат на донација

9. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на централна пречистителна станица за Град Скопје во Трубарево“ со Акциски план (статус: Октомври 2018)

10. Извештај за завршени преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во заштита и спасување од природни и други катастрофи

11. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Василево

**б) Економски систем и тековна економска политика**

12. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

13. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

14. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за Магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци-Битола

18. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог- одлуки

19. Информација за продажба на недвижни ствари во Кочани сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Кочани

20. Информација со Предог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Центар

21. Информација за Акционен план со предлог мерки за започнување на постапка за изработка на Нов просторен план на Република Македонија

22. Информација за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија

23. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за Концесионерот „Норд енерџи груп“ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово за локацијата бр.103 Габровска река,

Концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово за локацијата бр.105 и 106 Одранска река и бр. 107 Беловишка река, како и Концесионерот „Енерџи лукс“ ДООЕЛ Штип за мхец реф. Бр. 349 Блатечка река

24. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово за локацијата бр. 105 и 106 Одранска река, како и Концесионерот „Ани-енергетик“ ДОО Тетово за Мхец реф. бр. 104 Габровска река

25. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Супер 8“ - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

26. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел „Винарска Визба Лозар“ - Битола со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

27. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесени од хотел „Македонија“ - Делчево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

28. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Порта - Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

**в) Политички систем**

29. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Спогодба за отворање односно реконструкција на гранични премини во Регионот на Преспанското Езеро, со нацрт текст на Спогодба

30. Информација со Акционен план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена, Љубљана

31. Информација за реализирањето на Летниот камп „Ја сакам Македонија“ - 2018

32. Информација за правосилност на три одлуки на Европскиот суд за човекови права во случаите Абединов против Република Македонија (А.бр.44027/16), Костурски против Република Македонија (А.бр.40411/15), Ајрули против Република Македонија (А.бр.2213/15), и за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случаите Макрадули против Република Македонија (А.бр.64659/11 и 24133/13), со Предлог-одлука

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

33. Предлог-уредба за измена на Уредбата за мрежата на здравствени установи

34. Информација за институционализација на Национални здравствени сметки во Република Македонија

35. Информација во врска со реализација на Проектот-Изградба на нов театар на место на Драмски театар во Скопје

36. Информација за состојбата со склучувањето на нов колективен договор за културата

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

37. Предлог-одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018 до 2023 година

**б) Политички систем**

38. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Македонија за странски државјани носители на важечка британска, американска и канадска виза

39. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија

40. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основно јавно обвинителство Битола

41. Предлог-решение за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологииж

42. Барање на Селим Мачани за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

43. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2018 година

44. Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2018 година, Извештај за реализирани активности за 2017 година и Финансиски извештај за 2017 година

45. Информација за состојбата со јаболко производството во Република Македонија за 2018 година

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

46. Статут на Првиот приватен универзитет - Фон (Прв приватен Универзитет -Фон)

47. Статут на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, Европска филмска, театарска и танцова академија-ЕФТА, Скопје

48. Статут на Меѓународниот универзитет во Струга

49. Иницијатива поднесена од адвокат Стевица Јосифовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.121/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 8 од Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/2013, 201/2014 и 215/2015)

50. Понуда од нотар Тана Топалоска од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.80244 за КО Охрид 4 на КП бр.3165 место викано Дебело Поле

51. Известување од извршител Гордан Станковиќ за налог за извршување врз недвижност под И бр.930/2017 и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став 1 од Законот за извршување) (10484/1)

52. Известување од извршител Гордан Станковиќ за заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став 1 од Законот за извршување) под И бр.930/2017 (10651/1)

53. Известување од извршител Гордан Станковиќ, за усна јавна продажба под И бр.930/2017 (10899/1)

54. Известување од извршител Благоја Каламатиев, за усна јавна продажба под И бр.298/2010

55. Известување од извршител Зоран Петревски од Скопје, за втора усна јавна продажба под И бр.37/2018

**д) Други предлози**

56. Кадровски прашања

57. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

58. Информација со анализа на рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување“ со Предлог-мерки согласно препораките на извештајот Doing Business 2018 на Светска банка

59. Информација за работата на Државниот пазарен инспекторат од 1.1.2018 до 30.9.2018 по области со Предлог-мерки за сузбивање на сивата економија

60. Информација за потреба од обезбедување на средства за генерален ремонт на 4 електро и 4 дизел локомотиви.

61. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ А.Д. Скопје за период 1.1. - 31.3.2018 година

62. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ А.Д. Скопје за период 1.4. - 30.6.2018 година

63. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“ Скопје, за периодот I-III 2018 година

64. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2018 година

65. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2018 година

66. Известување за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за октомври 2018 година

67. Информација по конечниот извештај на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеноста за 2017 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со Акциски план за надминување на неправилностите нотирани во Ревизорскиот извештај

68. Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија за 2017 година

69. Годишен извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година

70. Информација за резултатите на работната група за имплементирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година со Финален извештај за самооценување

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

71. Информација во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.ДП.Бр.03-867/18

72. Предлог-закон за управните спорови

73. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

74. Информација за статусот на распределбата на средствата од фондот Banayou Trust

75. Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година

76. Предлог-програма за изменување на Националната годишна програма за јавно здравје на Република Македонија за 2018 година

77. Предлог-програма за изменување на Програмата за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година

78. Предлог-програма за изменување на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2018 година

79. Програма за изменување на Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2018 година

80. Информација за изменување и допонување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година

81. Информација за реализација на проектот за користење на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2019 година

82. Информација за набавка на опрема и услуги за модернизација на критичната инфраструктура на Глобалниот комуникациско - информатички систем во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија преку Програмата за меѓународна продажба на воена опрема - (Foreign Military Sales - FMS) на Владата на Соединетите Американски Држави

83. Информација со барање за измена на одлуките за финансирање на проекти преку Програмите за Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за 2018 година, со Предлог-одлуки

84. Информација за Францускoто интернационално училиште - Скопје (ЕФИС)

85. Информација во врска со Националната стратегија на Република Македонија за соработка со дијаспората 2018-2023

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 105-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.11.2018 година и Записникот од 108-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2018 година

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - План 18

Владата во рамките на Состојбите и напредокот во процесот на европска интеграција го разгледа Планот 18 (статус 17.12.2018 година) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за правда и Секретаријатот за европски прашања да ги реализираат мерките што доцнат или да доставaт до Секретаријатот за европски прашања издржано образложение за причините за доцнење, односно план за реализација на обврските со точно утврдена динамика, најдоцна до 21.12.2018 (петок, крај на работното време, согласно редовната динамика на известување по Планот 18).

2. Се задолжува Министерството за правда да ја достави до Секретаријатот за европски прашања Анализата на постојниот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и компаративна анализа со други земји во електронска форма.

3. Се задолжува директорот на Оперативно техничка агенција ОТА да достави до Секретаријатот за европски прашања информација за бројот на вработени во Агенцијата.

  - Информација за одржана билатерална консултација со Европската комисија во врска со заштитните мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија

Владата ја разгледа Информацијата за одржана билатерална консултација со Европската комисија во врска со заштитните мерки за увоз во Европската Унија на одредени челични производи од Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања преку Комитетот за стабилизација и асоцијација да достави допис до ДГ НЕАР со барање за примена на Спогодбата за

стабилизација и асоцијација и членот 37 (билатерални мерки за заштита, наспроти глобални мерки за заштита).

2. Се задолжува Мисијата при Европската Унија во Брисел да одржи итна средба со ДГ НЕАР и ДГ Траде и да ги пренесе нашите ставови до надлежните, по однос на примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и членот 37 (заштитни мерки), како и последиците по нашата економија од воведувањето на глобалните заштитни мерки.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, да одржи итен состанок со Асоцијацијата на производители на челик и железо и да ги информира за најавените мерки и преземените активности од страна на Владата за заштита на нашите интереси.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да дефинира и достави прашања за појаснување до ДГ Траде за примена на заштитните мерки, доколку тие сепак се воведат, за 2019 година и за наредните три години.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2017 година за Акција 1 од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827, со усогласен текст на Спогодба

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2017 година за Акција 1 од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2017 година за Акција 1 од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827.

2. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2017 година за Акција 1 од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827, по пат на писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акција 1 за 2017 година од Акциската програма за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија

и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2017/039-827, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

4. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, како одговорна оперативна структура за индиректното спроведување на ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија 2016 - 2020, да преземе конкретни мерки за надминување на наодите констатирани во Прелиминарниот извештај за системска ревизија на ИПА 2 Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија 2016 - 2020, Ревизорско тело за фондови од Европската Унија на Владата на Република Србија, од 13 ноември 2013 година, а кои гласат на: недостаток на соодветен ревизорски траг, немање подготвена анализа за обем на работни обврски, непополнета позиција на лице за верификација на трошоци, непостоење на прирачник за процедури, не постоење на потпишан оперативен договор помеѓу НИПАК и Министерството за локална самоуправа и во рок од 15 дена да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените мерки.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Годишната сметка за работењето на МЖ Транспорт АД-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, Финансискиот извештај со извештај на независни ревизори, Годишниот извештај за работењето на МЖ Транспорт АД-Скопје за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, со дополнувања кон материјалот и предлог-одлуки, ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година;

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Македонски Железници Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година и

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Македонски железници транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година, во предложените текстови.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за работењето на Македонски железници Транспорт АД - Скопје до 31.12.2018 година.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност на Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

Исто така, Владата заклучи Јавното претпријатие за државни патишта да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 4

Владата по Барањето согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во државна сопственост за 2018 година, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2018 година и на Финансиските извештаи за 2018 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2018 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2018 година.

## Точка 6

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје (бр.0202-2992 од 2.10.2018 година), во предложениот текст.

## Точка 7

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата по Информацијата за воведување на нов систем за евиденција на работно време и зголемена безбедност од проток на странки во институцијата, набавен по пат на донација го задолжи Државниот пазарен инспекторат да одржи средба со Дирекцијата за заштита на личните податоци за можноста и начинот на ставање на новиот систем за евиденција на работното време во употреба и во рок од 2 недели да ја информира Владата.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на централна пречистителна станица за Град Скопје во Трубарево”, со Акциски план и ја усвои со следниот заклучок:
- Се препорачува на Општина Гази Баба, во соработка со Град Скопје, во најкус можен рок да донесе детални урбанистички планови за локалитетот каде согласно Генералниот урбанистички план е предвидена пречистителната станица за да може Градот Скопје да ја започне процедурата за решавање на имотно - правните односи, како и да се дефинира пристапниот пат до пречистителната станица.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за склучување на Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во заштитата и спасувањето од природни и други катастрофи, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодба помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Македонија за соработка во заштита и спасување од природни и други катастрофи.

2. Се определува Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата помеѓу Владата на Република Србија и Владата на Република Македонија за соработка во заштитата и спасувањето од природни и други катастрофи.

**Точка 11**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Василево, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Ракотинци, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за Магистрален гасовод лот 2 делница Кавадарци-Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод Лот 2 делница Кавадарци - Битола, со заклучок Агенцијата за катастар на недвижности да достави ново мислење по новиот текст на Одлуката.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Стрежево“.
2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Паљурци“.
3. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Козјак“.
4. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глобочица“.
5. Го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мантово“.
6. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Мавровица“.
7. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“.
8. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулации Конче 1 и Конче 3“.
9. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.
10. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“.
11. Владата на Република Македонија го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“.
12. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“.
13. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“.
14. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.
15. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демир Каписки“.
16. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.

17. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.
18. Го донесе новиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Делчевски“.
19. Го донесе најновиот текст на Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“, во предложените текстови.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Кочани сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Кочани, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Центар, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Центар, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за Акциски план со Предлог-мерки за започнување на постапка за изработка на нов Просторен план на Република Македонија, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за изработка на Просторен план на Република Македонија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, како координатор на активностите, со цел изготвување на модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија, во рок од пет дена од усвојувањето на оваа информација, да формира работна група составена од двајца претставници на Министерството за економија (еден од областа на енергетика и еден од областа на концесии и јавно приватно партнерство), еден претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, еден претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Министерството за транспорт и врски, еден претставник од Министерството за локална самоуправа и еден претставник од АД „МЕР“- Скопје.

2. Се задолжуваат Министерството за економија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, а се укажува на АД „МЕР“- Скопје, во рок од три дена од усвојувањето на оваа информација, до Министерството за економија да достават номинации за по еден член и еден заменик-член на работната група (со следниве податоци: име и презиме, назив на работно место, контакт телефон и е-пошта).

3. Се задолжува Министерството за економија во рок од 45 дена од формирање на работната група, да подготви и до Владата да достави информација за модел за развој на системи за дистрибуција на природен гас во Република Македонија.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за концесионерот „Норд енерџи груп“ ДООЕЛ експорт импорт Тетово за локацијата бр.103 Габровска река, концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово за локацијата бр.105 и 106 Одранска река и бр. 107 Беловишка река, како и концесионерот „Енерџи лукс“ ДООЕЛ Штип за мхец реф. Бр. 349 Блатечка река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.103 Габровска река на концесионерот „Норд енерџи гроуп“ ДООЕЛ експорт-импорт Тетово до 10.9.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Норд енерџи гроуп“ ДООЕЛ експорт импорт Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

3. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 1 од овие заклучоци.

4. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Норд енерџи гроуп“ ДООЕЛ експорт импорт Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 103 Габровска река најмалку до 10.10.2019 година.

5. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.105 Одранска река на концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово до 1.4.2019 година.

6. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 5 од овие

заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

7. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 5 од овие заклучоци.

8. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.106 Одранска река на концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово до 1.5.2019 година.

9. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 8 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

10. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 8 од овие заклучоци.

11. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.107 Беловишка река на концесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово до 16.2.2019 година.

12. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Кконцесионерот „Супер ноува енерги“ ДООЕЛ Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 11 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

13. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 11 од овие заклучоци.

14. Го одобри продолжувањето на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.348 Блатечка река на концесионерот „Енерџи лукс“ ДООЕЛ Штип до 22.2.2020 година.

15. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Енерџи лукс“ ДООЕЛ Штип дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 14 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

16. Се овластува м-р Крешник Бектеши, министер за економија во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој

се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 14 од овие заклучоци.

17. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Енерџи лукс" ДООЕЛ Штип да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 348 Блатечка река најмалку до 22.3.2019 година.

Истовремено, Владата го задолжи м-р Крешник Бектеши, министер за економија во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да организира состаноци со засегнатите општини, месни заедници и локалното население со цел надминување на настанатите состојби со локалното население и за истото да ја информира Владата во рок од 60 дена.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за Концесионерот Супер ноува енерги ДООЕЛ Тетово за локацијата бр. 105 и 106 Одранска Река, како и концесионерот „Ани-енергетик" ДОО Тетово за мхец реф. Бр. 104 Габровска Река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за економија, во име на Владата на Република Македонија како концедент, да склучи анекси на договорите за концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани река со кои ќе се уреди измената на координатите на машинската зграда и на зафатот, обврската за доплата на еднократниот концесиски надоместок и обврската за надополнување на гаранцијата за изведба за:

- Локација бр.105 Одранска Река на концесионерот Супер ноува енерги Доо Тетово и

- Локација бр.106 Одранска Река на концесионерот Супер ноува енерги Доо Тетово.

2. Се задолжува Министерството за економија, во рок од седум дена писмено да го извести концесионерот „Супер ноува енерги" ДОО Тетово, дека се прифатени измените на координатите на машинската зграда и на зафатот во договорите за концесија за локациите бр.105 и 106 Одранска Река, согласно нивните барања, заради што е потребно концесионерите да го доплатат еднократниот концесиски надоместок за сума која одговара на разликата на понудената инсталирана моќност и моќноста која се бара со изменување на техничкото решение и соодветно на тоа да ги надополнат гаранциите за изведба за овие локации.

3. Се одобрува продолжување на рокот за почеток со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот „Ани - енергетик" ДОО Тетово до 2.11.2019 година.

4. Се задолжува Министерството за економија, во име на концедентот, писмено да го извести концесионерот „Ани - енергетик" ДОО Тетово дека му се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија.

5. Се овластува министерот за економија, во име на Владата на Република Македонија, како концедент, да потпише Анекс на договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3 од овие заклучоци.

6. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Ани - енергетик“ ДОО Тетово да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за изведба за локацијата бр. 104 Габровска река најмалку до 2.12.2019 година.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел „Супер 8“, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Супер 8“ - Скопје, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 57, Скопје - хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Винарска визба Лозар, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Винарска визба Лозар - Битола, со седиште на ул. „8-ми септември“ бр. 2Б, Битола - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, супериор), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Македонија, Делчево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да го дополни Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување, односно со предложената категоризација утврдена од Комисијата во Предлогот за категорија на угостителскиот објект за сместување.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Порта, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел „Порта“ - Скопје, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 1А, Скопје - хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Спогодба за отворање односно реконструкција на гранични премини во регионот на Преспанското Езеро, со Нацрт-текст на Спогодба (најнов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување на постапка за водење преговори за склучување Спогодба за отворање односно реконструкција на гранични премини во регионот на Преспанските Езера.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Спогодбата за отворање/ реконструкција на гранични премини во регионот на Преспанските Езера, како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од 10 дена до грчката и до албанската страна по дипломатски пат да ги достави забелешките по Нацрт-текстот на Спогодбата за отворање/реконструкција на гранични премини во регионот на Преспанските Езера.

4. Се задолжува претседателот на Комисијата за отворање на нови гранични премини на Република Македонија со соседните земји, амбасадорот Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и членовите на Комисијата за отворање на нови гранични премини на Република Македонија со соседните земји, при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Спогодба за отворање/ реконструкција на гранични премини во регионот на Преспанските Езера.

5. Се овластува претседателот на Комисијата за отворање на нови гранични премини на Република Македонија со соседните земји, амбасадорот Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи да го парафира усогласениот текст на Спогодбата за отворање/реконструкција на гранични премини во Регионот на Преспанските Езера, согласно утврдените насоки, доколку усогласувањето се врши по пат на преговори и се постигне согласност на преговорите.

6. Се задолжува Комисијата за отворање на нови гранични премини на Република Македонија со соседните земји, по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Спогодбата.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на

Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во соработка со Министерството за внатрешни работи да го спроведе Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи благовремено да ги отстрани сите евентуални технички дефекти кои би се појавиле кај мобилните станици при реализацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи за имплементацијата на Акцискиот план за периодот 1 јануари - 31 декември 2019 година, за прием на барања и издавање на пасоши преку дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Мелбурн, Канбера, Чикаго, Њујорк, Детроит, Торонто, Берлин, (вклучително и Конзуларното одделение во Бон), Минхен, Стокхолм, Копенхаген, Хаг, Брисел, Лондон, Париз, Берн, Рим, Венеција, Виена и Љубљана да достави информација до Владата во последната недела на декември 2019 година."

Истовремено, Владата ја задолжи работната група да подготви информација во која би биле содржани опции за поедноставување на постапката за издавање на пасоши преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, односно согледување на можноста за начинот на доставување на пасошите преку дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија, отстранување на техничките проблеми со мобилните станици и за можноста за воведување на нови базни станици и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-решение во врска со ова прашање.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирањето на Летниот камп „Јас сакам Македонија" - 2018 и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна до 31 март 2019 година, да ја информира Владата за концептот за одржување на Летниот камп „Јас сакам Македонија" - 2019, за ученици со македонско потекло од соседните држави, регионот и пошироко.

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на три одлуки на Европскиот суд за човекови права во случаите Абединов против Република Македонија (А.бр.44027/16), Костурски против Република Македонија (А.бр.40411/15), Ајрули против Република

Македонија (А.бр.2213/15) и за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случаите Макрадули против Република Македонија (А.бр.64659/11 и 24133/13), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, со заклучок средствата во вкупен износ од 18.020 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по одлуките на Европскиот суд за човекови права и тоа во случајот Абединов против Република Македонија (А.бр.44027/16), досудениот износ да биде префрлен на депозитна сметка на Министерството за правда, најдоцна до 31.12.2018 година, во случајот на Костурски против Република Македонија (А.бр.40411/15) и Ајрули против Република Македонија (А.бр.2213/15), досудените износи да бидат исплатени најдоцна 18 јануари 2019 година, а во случајот Макрадули против Република Македонија, најдоцна до 19 јануари 2019 година.

## Точка 33

Владата на предлог на д-р Венко Филипче, министер за здравство го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за мрежата на здравствени установи, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за институционализација на Национални здравствени сметки во Република Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство - Управа за електронско здравство како институција која привремено ќе го воспостави системот на Национални здравствени сметки, да започне со процесот на имплементација најдоцна до 1 јануари 2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за здравство - Управа за електронско здравство и Државниот завод за статистика, а се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Македонија најдоцна до 1 јануари 2019 година да започнат со потребните подготовки за имплементација на системот за Национални здравствени сметки.

3. Се задолжува Министерството за здравство - Управа за електронско здравство првиот извештај да го подготви до февруари 2020 година и за тоа да ја информира Владата најдоцна до март 2020 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии - сите предвидени активности поврзани со овој проект да се реализираат во рамки на одобрените буџетски средства на надлежните институции за соодветната фискална година.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на нов театар на местото на Драмски театар во Скопје“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да пристапи кон спогодбено раскинување на Договорот за јавна набавка за изведување на градежни работи бр.46-954/6 од 15.15.2017

година, од причини што изградбата на објектот за НУ „Драмски Театар" во Скопје не е утврден како стратешки приоритет во програмските акти на Владата на Република Македонија и не се обезбедени потребните финансиски средства.

2. Се задолжува Министерството за култура, доколку предлогот за спогодбено раскинување на Договорот е неприфатлив за било која договорна страна, да пристапи кон обезбедување на стручна проценка - вешт наод и мислење за утврдување на причините и основите за еднострано раскинување на договорот за јавна набавка за изведување на градежни работи бр. 46-954/6 од 15.15.2017 година, како и да се утврди евентуална штета која Министерството би требало да ја исплати на другата договорна страна.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со склучувањето на нов колективен договор за културата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да подготви анализа за тоа кои закони треба да се променат за да се надминат постојните проблеми во областа на остварувањето на правата од работен однос на вработените во установите во културата и за истото во рок од 45 дена да ја информира Владата.

2. Се задолжува Министерството за култура да ги продолжи активностите за потпишување на нов Колективен договор за културата, а подготвениот финален Нацрт - колективен договор за културата, да го даде на јавна дебата, со цел истиот на транспарентен начин да се склучи во почетокот на наредната година.

3. Се задолжува Министерството за култура да достави писмено барање за мислење до Министерството за труд и социјална политика, за тоа кој од синдикатите е репрезентативен, односно со кој може да се преговара.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 година до 2023 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за локална самоуправа, пред потпишување на Одлуката, по електронски пат, до сите членови на Владата да ја достави анализата/ спроведената пресметка за класификација на планските региони, заедно со експертското мислење.

## Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Македонија за странски државјани носители на важечка британска, американска и канадска виза, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Основно јавно обвинителство Битола, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата истата предлагачот да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Решението за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го разгледа Барањето на Селим Мачани за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи (Сектор за следење на националните приоритети) утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 43

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 110 став (3) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 99/2009, 57/2010, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 55/2013, 163/2013, 42/2014, 199/2014, 146/2015, 31/2016 и 64/2018), за своето работење, Регулаторната комисија најмалку два пати годишно доставува извештај на Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија начелно нема забелешки по текстот на доставениот Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година, но се укажува на потребата финансиските показатели кои се наведени во Извештајот да се усогласат со трезорската евиденција.

Имено, Буџетот на Регулаторната комисија за домување за 2018 година изнесувал 10.237.000 денари, а неговата реализација до 30 јуни 2018 година изнесува 3.839.000 денари. Освен горенаведените средства, кои се обезбедени на сметката 630-Расходи на основен буџет, Регулаторната комисија за домување во 2018 година располага и со дополнителни средства во износ од 200.000 денари, обезбедени на сметката 631-Расходи на основен буџет. Согласно податоците на Министерството за финансии, до 30 јуни 2018 година нема реализација на овие средства. Согласно финансиските показатели, реализираните средства на ставките 401, 402 и 425 не се исти со трезорската евиденција

на Министерството за финансии, поради што е потребно финансиските показатели кои се наведени во Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари 2018 година до 30 јуни 2018 година да се усогласат со трезорската евиденција.

## Точка 44

Владата ја разгледа Програмата за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2018 година, Извештајот за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година и Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 374, став 4 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата до Собранието на Република Македонија доставува финансиски извештај и извештај за реализираните активности од Годишната програма за работа.

Согласно Извештајот за финансиското работење, во текот на минатата година остварени се вкупно приходи во износ од 26.042.454 денари и вкупни расходи од 26.956.707 денари, односно остварена е загуба од 914.253 денари која се пренесува во 2018 година.

Имајќи го предвид наведеното, доставениот Финансиски извештај да се дополни во насока на тоа да се даде споредбен приказ на планираните и остварени приходи и расходи во 2017 година, споредба на остварените приходи и расходи во 2017 година со оние од 2016 година, како и да се приложи соодветно образложение за разликите и отстапките.

Во Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година е прикажано дека Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за потребите на Министерството за внатрешни работи има набавено опрема од 13,25% иако според член 374 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15), Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата е должен од остварените средства 15% да ги намени за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата односно за модернизација на уредите и опремата на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи која врши контрола и регулирање на сообраќајот.

Во Финансискиот извештај за 2017 година, е прикажано дека Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата имал расход од 3.572.561.00 денари за опрема за Министерството за внатрешни работи, а според евиденцијата на Министерството за внатрешни работи, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата донирал опрема за Министерството за внатрешни работи во вредност од 3.412.541.00 денари, односно 159.975.00 денари помалку.

Прикажано е дека Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за Министерството за внатрешни работи донирал опрема - Лиценци од интегриран софтвер (8 парчиња Х188.792,22) во вредност од 1.510.337.00 денари, а за кои Министерството за внатрешни работи достави акт - Известување до Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и се произнесе дека интегрираниот софтверски систем за мерење на брзината на движење на возила не е од приоритетна важност за службите кои вршат контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата, туку дека службите имаат

неопходна потреба од алкометри, како и друга опрема договорена со претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на состанок одржан на 14.2.2017 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија е на мислење дека Финансискиот извештај на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2017 година, во делот на прикажаните средства за набавка на опрема за Министерството за внатрешни работи е несоодветен, како во поглед на висината на прикажаните финансиски средства за набавка на опрема за Министерството за внатрешни работи, така и во поглед на набавката на опремата за потребите на службите кои вршат контрола и регулирање на сообраќајот на патиштата согласно член 374 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

**Точка 45**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за состојбата со јаболкопроизводството во Република Македонија за 2018 година, откако ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да подготви мислење по Информацијата.

**Точка 46**

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Прв приватен Универзитет - ФОН и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 5 став (1) алинеја 5, зборовите „директорот на универзитетот“, да се заменат со зборовите „директорот како извршно тело на советот на основачот“. Во истиот член од Статутот, надлежностите на основачот утврдени во алинеите: 13, 14, 15, 16 треба да изостанат поради тоа што истите се надлежност на Сенатот на универзитетот, ректорот и наставно - научниот совет. Во алинеја 18 на крајот на реченицата да се додадат зборовите: „на Советот на основачот“.

По однос на Советот на основачот од член 36 од најноводоставениот Статут, потребно е во Статутот точно да се утврди составот и бројот на членовите, како и надлежностите на овој орган, а во членот 38 да се наведат само оние надлежности од Советот на основачот кои му се делегираат на директорот како извршно тело на Советот на основачот. При утврдувањето на надлежностите на Советот на основачот да се избегне судир на надлежности со другите органи на универзитетот.

Во членот 39 и понатаму останува потребата од негово целосно усогласување со Законот за високото образование, согласно претходното Мислење од Владата на Република Македонија, бр.44-6711/1 од 18.9.2018 година.

Во Статутот ќе треба да се вгради и завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето согласност од основачот.

Укажување: Секое вметнување на одредби во Статутот на високообразовната установа, надвор од пропишаното во Законот за високото образование, особено кога во Законот за

високото образование не е утврдена упатувачка одредба за нивно дополнително уредување со Статут, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

**Точка 47**

Владата го разгледа Статутот на Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија - ЕФТА - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.
Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.
Со статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со статут.
Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со статут на универзитетот.
По однос на текстот на Статутот на Универзитет за аудиовизуелни уметности, европска филмска, театарска и танцова академија - ЕФТА - Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:
Во членот 17 од Статутот, ставот 3 треба да изостане, односно истиот член во целост да се усогласи со член 14 од Законот за високото образование.
Во врска со член 35 од Статутот се укажува дека согласно член 17 од Законот за високото образование, формата и содржината на печатот, како и изгледот на знаците и другите обележја и начинот на нивното користење, се утврдуваат со статутот на високообразовната установа.
Во членот 44 од Статутот, ставот (3) е во спротивност со член 87 став (3) од Законот за високото образование. Со оглед на тоа истиот треба во целост да се усогласи со овој член од Законот.
Во членот 45 зборот „Универзитетски“ треба да изостане. Во алинеја 1 од истиот член по зборовите „Управен одбор“ треба да се додадат зборовите „како орган на основачот“.
Во членот 46 ставот 1 е во спротивност со член 92 став 1 од Законот за високото образование кој гласи: „Универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: сенатот) е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на универзитетот, придружните членки и од универзитетското студентско собрание“. Во ставот 3 алинеја 2 е во спротивност со член 94 точка 1 од Законот. Во ставот 3 алинеја 5 треба да изостане.
Во членот 47 од Статутот, став 2 алинеја 1 треба да се усогласи со член 93 алинеја 7 од Законот за високото образование. Истата забелешка се однесува и на член 48 став (2).
Во членот 47 став 2 точка 4 е во спротивност со член 93 од Законот за високото образование.

Член 47 од Статутот, треба во целост да се усогласи со член 93 од Законот за високото образование.
Во членот 50 од Статутот, точка 3 е во спротивност со член 103 став 3 од Законот за високото образование, каде е уредено дека, Ректорската управа го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на приватните универзитети. Ставот 16 од истиот член од Статутот е во спротивност со член 94 став 19 од Законот за високото образование.
Член 50 од Статутот, треба во целост да се усогласи со член 94 од Законот за високото образование.
Членот 53 од Статутот е во спротивност со член 96 став 2 од Законот за високото образование. Ставот 2 од истиот член е во спротивност со член 96 став 6 од Законот за високото образование. Со оглед на тоа овие одредби треба соодветно да бидат регулирани.
Членот 54 е во спротивност со член 96 од Законот за високото образование по однос на законските надлежности на претседателот на сенатот. Истата забелешка се однесува и на член 55 од Статутот.
Во врска со член 56 од Статутот се укажува дека согласно член 93 став 11 од Законот за високото образование, бројот на членовите на сенатот, постапката за нивниот избор, основите и постапката за нивно разрешување, како и свикувањето и водењето на седниците на сенатот, се уредуваат со статутот на универзитетот во согласност со овој закон.
Членот 61 од Статутот е во спротивност со член 98 од Законот за високото образование и истиот треба во целост да се усогласи со наведениот член од Законот. Во истиот член од Статутот, ставот 9 е во спротивност со член 110 став 1 точка 4 од Законот за високото образование. Ставот 10 од овој член е во спротивност со член 114 став 4 точка 7 од Законот.
Во членот 69 од Статутот, ставот 1 е во спротивност со член 98 точка 9 од Законот за високото образование.
Во членот 73 од Статутот ставот 3 е во спротивност со член 102 став 1 од Законот за високото образование кој гласи: „Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на акредитираните научни установи и претставници на студентите.“
Членот 74 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 103 од Законот за високото образование.
Во членот 85 од Статутот, ставот 1 треба да се усогласи со член 108 став 1 од Законот за високото образование. Ставот 2 од овој член треба да се префрли во член 86 од Статутот.
Во членот 86 од Статутот, ставот 2 треба да се усогласи со член 109 став 7 од Законот за високото образование.
Членот 88 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 110 од Законот за високото образование.
Членот 91 е во спротивност со член 110 и член 115 од Законот за високото образование. Истиот треба во целост да се усогласи со одредбите од наведените членови на Законот.
Членот 98 од Статутот треба да се усогласи со член 98 став 4 од Законот за високото образование.
Во членот 110 став 1 се наведува дека универзитетските академски студии се организирани и распоредени во два циклуса, а од друга страна во точка 3 од истиот член се наведува „-трет циклус на студии“. Според тоа точка 3 од овој член треба да изостане.
Во членот 111 ставот 3 е во спротивност со член 134 став 2 и член 137 став 2 од Законот за високото образование.
Во врска со членовите 112, 113 и 114 од Статутот, доколку овие одредби се однесуваат на студиите кои се организираат исклучиво на ЕФТА, во членот 112 се вели дека првиот циклус на студии трае три години, односно 180 кредити, во членот 113 се вели дека вториот

циклус, специјалистички или магистерски студии се со траење од една година, односно 60 кредити, според начинот на кој се регулирани овие одредби од Статутот произлегува дека првиот и вториот циклус на студии изнесува 240 кредити на место наведеното во членот 114 од Статутот, дека првиот и вториот циклус на студии заедно изнесува 300 кредити. Со оглед на тоа овие членови соодветно да се регулираат.
Членот 115 и членот 116 од Статутот треба да изостанат, поради тоа што во членот 104 од Статутот се наведува дека ЕФТА организира студии само во два циклуса.
Во членот 128 ставот 5 треба да изостане поради причините наведени во претходниот став.
Членот 128 во целост да се усогласи со членот 139 од Законот за високото образование.
Во членот 131 став 1 зборовите „трите циклуси“ треба да се заменат со зборовите „двата циклуси“, во ставот 3 зборовите: „и трет“ треба за изостанат.
Во членот 175 ставот 2 треба да се усогласи во целост со член 177 став 3 од Законот за високото образование.
Во Статутот ќе треба да се вгради и завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од основачот.
Статутот треба да биде уредно потпишан и заверен со архивски број.
По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

Укажување: Секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со Статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

## <u>Точка 48</u>

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Меѓународен универзитет во Струга и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со Статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на Статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува Статут на Универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со Статутот на Универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото

образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.
По однос на текстот на Статутот на „Меѓународен Универзитет во Струга“ - Струга, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект се укажува на следното:

Во основот за донесување на Статутот треба да се наведе член 94 став 1 алинеја 1 од Законот за високото образование.

Членот 12 од Статутот да се усогласи во целост со член 13 од Законот за високото образование.

Членот 17 од Статутот да се усогласи во целост со член 14 од Законот за високото образование.

Членот 27 е во спротивност со член 97 точка 2 од Законот за високото образование, и истиот треба да изостане.

Членот 25 од Статутот треба да се усогласи со член 12 став (2) од Законот за високото образование.

Членот 49 од Статутот треба да изостане, или во целост да се усогласи со членовите 74, 75. 76, 77, 78 и 79 од Законот за високото образование.

Членот 52 од Статутот е детално регулиран со Законот за високото образование. Со оглед на тоа истиот треба во целост да се усогласи со членовите 81, 82, 83 и 84 од Законот за високото образование.

Членот 54 треба во целост да се усогласи со член 76 од Законот за високото образование.

Членовите 72 и 73 треба да се усогласат со членовите 22 и 23 од Законот за високото образование.

Членот 83 од Статутот треба во целост да изостане, поради тоа што ова прашање не е предмет на уредување на Статутот на Универзитетот.

Членот 86 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 93 од Законот за високото образование.

Член 89 од Статутот во целост треба да се усогласи со член 93 став (3) од Законот за високото образование кој гласи: „За член на сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор на единица на универзитетот.“
Во членот 94-г од Статутот треба да се додаде нов став (2) кој гласи: „Вршењето на должноста претседател на Сенат е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.“

Во членот 97 од Статутот зборовите: „и со овој Статут„ треба да изостанат.

Подвлечената реченица со наброени членови, по членот 100 треба да се избрише.

Во врска со членовите 116, 120 и 121 од Статутот, се укажува на потребата за обезбедување на второстепеност во одлучувањето. По правило ист орган не смее да одлучи и во прв и во втор степен, за иста работа. За таа цел се смета дека, иако тоа не е утврдено во Законот за високото образование, надлежноста за одлучување по жалбите од членовите 116, 120 и 121 од Статутот треба да биде на Сенатот на Универзитетот. Истото треба соодветно да се регулира во членовите 116, 120, 121 како и во член 94 од Статутот.

Член 131-г да се усогласи во целост со член 101 од Законот за високото образование.

Одредбата од член 131-д од Статутот, е нејасна и двосмислена. Во член 101 од Законот за високото образование јасно е дефинирано дека ректорот има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи (на единиците на универзитет), за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на универзитетот. Во ставот (2) од истиот член од Законот се вели дека: „Единицата на Универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна. Според тоа член 131-д треба да изостане.

Во врска со членот 133 од Статутот, се укажува дека, согласно член 100 став (3) од Законот за високото образование, вршителот на должноста ректор ги има сите права и должности на ректорот. Аналогно на тоа и постапката за именување на в.д. проректор од страна на в.д ректор треба да биде идентична со постапката за именување на проректор од страна на ректор.

Членот 140 алинеја 2 е во спротивност со член 114 став 4 точка 7 од Законот за високото образование кој гласи: „деканот распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања“.

Во членот 163 став 4 алинеја 7 е во спротивност со член 114 став 4 точка 7 од Законот за високото образование, кој гласи: „деканот распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања“.

Во членот 164 ставовите 5 и 6 се во спротивност со член 110 став (1) алинеја 3 од Законот за високото образование.
Во членот 167 ставот 1 е во спротивност со член 110 став (1) алинеја 3 од Законот за високото образование.

Подвлечените реченици со наброени членови, пред членовите 197 и 222 треба да се избришат.

Во членот 228 став (1) вториот дел од реченицата треба во целост да изостане, од причина што правото за користење на мајчиниот јазик на припадниците на зедниците во Република Македонија не е предмет на уредување на Статут на универзитет, туку е исклучиво законска материја. Истата забелешка се однесува и на став (8) од овој член.

Во членот 259 „ректорот или“ треба да изостанат, од причина што согласно член 184 став (1) на истакнат професор од универзитет во Република Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единицата, Универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

Подвлечената реченица со наброени членови, пред членот 272 треба да се избрише.

Подвлечената реченица со наброени членови, пред членот 274 треба да се избрише.

Во Статутот ќе треба да се вгради и завршна одредба во смисла дека овој статут влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник“ на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од основачот.

Статутот на Универзитетот треба да биде потпишан од претседателот на Универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

По усвојувањето на дадените забелешки да се изврши соодветна пренумерација на членовите на Статутот.

Укажување: Секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование, (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со Статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Стевица Јосифовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.121/18 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 од Законот за финансиска дисциплина („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13, 201/14 и 215/15) и притоа го утврди следното мислење:

Членот 8 од Законот за финансиска дисциплина гласи:
(1) Доверителот има право на надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска од должникот во износ од 3.000 денари, доколку паричната обврска не е исполнета во роковите утврдени со одредбите од член 5, 6, 6-а, 7 и 18 од овој закон, без претходно потсетување и опомена на должникот.
(2) Правото на надоместок за доцнењето од став (1) на овој член не го исклучува правото за надоместок на трошоците кои доверителот има право да ги побарува врз основа на договор или други прописи, како и на казнена камата која се пресметува и наплатува согласно со закон.
(3) Правото на надоместок за доцнењето од став (1) на овој член не ги опфаќа трошоците за извршување кои се наплатуваат во согласност со законот со кој се уредува извршната постапка.
(4) Правото на надоместок за доцнењето од став (1) на овој член престанува да важи во рок од три години од денот на истекот на рокот на достасување на паричната обврска.
Според подносителот на Иницијативата, член 8 од Законот за финансиска дисциплина е во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 и 7 од Уставот на Република Македонија, според кои темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се владеењето на правото и слободата на пазарот и претприемништвото.

Истовремено, подносителот наведува дека оспорената одредба не е во согласност со член 55 од Уставот според кој „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето. „Дополнително, подносителот укажува дека оспорената одредба е во спротивност со член 57 од Уставот според кој „Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја".

Во образложението на Иницијативата, подносителот наведува дека со оспорениот член 8 од Законот за финансиска дисциплина задира во слободата на пазарот, нарушувајќи го односно оневозможувајќи го економскиот напредок на правните субјекти, бидејќи согласно истата е предвидено правните лица неправедно да бидат повеќепати казнувани за иста работа.

Во врска со наводите на подносителот на Иницијативата, Република Македонија, како земја - кандидат за членство во Европската Унија, има обврска да го усогласи домашното законодавство со европското до денот на стекнување на полноправното членство. Во таа насока, со Законот за финансиска дисциплина се изврши имплементирање на Директивата 2011/7/ЕЦ за задоцнето плаќање при деловни трансакции. Согласно член 6 од Директивата доверителот има право на надоместок за доцнење при исполнување на паричната обврска од должникот доколку не ја исполни обврската согласно со роковите утврдени во член 3 и 4 од Директивата, во фиксен износ од 40 евра. Овој надоместок за доцнење при исполнување на паричната обврска преставува компензација за трошоците кои му настанале на доверителот при наплатата на побарувањата.

Со членот 8 став 1 од Законот за финансиска дисциплина јасно е утврдено дека доверителот има право на еднократен надоместок во случај кога паричната обврска не е исполнета во утврдениот рок, независно од износот на долгот. Притоа, не е потребно посебно потсетување или опомена од страна на доверителот кон должникот во врска со наплатата на надоместокот, исто како што не е потребно посебно нагласување во фактурата или друго соодветно барање за исплата на долгот, дека должникот во случај на доцнење со плаќањето покрај главниот долг, должи и казнена камата утврдена со закон. Како право на доверителот, од него зависи дали во постапката за наплата на долгот, ќе бара наплата на еднократниот надоместок или не, за секоја фактура која не е платена во утврдениот рок. Овој надоместок има за цел да го обесхрабри задоцнетото плаќање на обврските и да ги покрие трошоците на доверителот кои ќе настанат во врска со постапката за наплата на побарувањата.

Законот за финансиска дисциплина воспоставува законска рамка на правила кои се еднакви за сите и обезбедуваат слобода на пазарот и претприемништвото, еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и се однесуваат подеднакво за сите економски оператори и субјекти од јавниот сектор и со истиот не се повредува владеењето на правото кое претставува темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок и слободата на пазарот и претприемништвото претставува постоење и почитување на општите стандарди и позитивните законски прописи. Владеењето на правото подразбира и транспарентност на условите и критериумите за стекнување и губење на одредени права, како и почитување на законите од страна на оние на кои тие закони се однесуваат. Законот за финансиска дисциплина обезбедува поголема сигурност за навремена наплата на побарувањата и

истиот не ја спречува слободата на пазарот и претприемништвото и економскиот напредок. Напротив преку дисциплина во измирувањето на обврските се овозможува непречено функционирање на пазарот.

Врз основа на горе наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 8 од Законот за финансиска дисциплина.

## Точка 50

Владата ја разгледа Понудата од нотар Тана Топалоска од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 80244 за КО Охрид 4 на КП бр. 3165, место викано Дебело Поле и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 51

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Налог за извршување врз недвижност под И.бр 930/2017 (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став 1 од Законот за извршување) и по истите го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 52

Владата го разгледа Известувањето од извршител Гордан Станковиќ од Скопје за Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став 1 од Законот за извршување) под И бр.930/2017 и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 53

Владата по Известувањето од извршител Гордан Станковиќ, за усна јавна продажба под И бр.930/2017 го прифати известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 54

Владата го разгледа Известувањето од извршител Благоја Каламатиев од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 (став 1), член 169 (став 1) и член 170 (став 1) од Законот за извршување) доставено под И.бр.298/10 и по Известувањето ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски, Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 55

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески од Охрид за Заклучокот за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1), 182 став (1) и 185 став (2) од Законот за извршување) и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 56

1. Владата го разреши Јенс Бруно Вендланд од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

1.1 Владата го именува Владо Савевски за член на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

2. Владата ја именува Тијана Димовска Тошевска за претседателка на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈУ Национален парк „Пелистер“ -Битола.

3. Владата го именува Љубиша Каранфиловски за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

4. Владата го именува Диме Цветков за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Неготино.

5. Владата за заменик претседател и заменик член на Комисијата за жалби, ги именува:

а) за заменик претседател
- Неда Гацова

б) за заменик член
- Симона Страшеска Тодорова.

6. Владата го именува Музафер Рамески за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Пелагонија“ - Скопје.

7. Владата ја разреши Лилјана Кочанковска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје.

7.1. Владата го именува Трајче Нешковски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија - Скопје.

8. Владата го разреши Газменд Хамзаи од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје.

8.1. Владата го именува Енес Шеху за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија-Скопје.

9. Владата го разреши Енес Шеху од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија-Скопје.

9.1. Владата го именува Газменд Хамзаи за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија -Скопје.

10. Владата го разреши Андон Бојаџи од должноста вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

10.1. Владата го именува Васко Паскали за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, согласно одредбите од Статутот на установата да започне постапка за именување на директор.

## Точка 57

1. Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за дополнување на Законот за лековите и медицинските средства, што е доставен до Собранието на Република Македонија, со писмо бр. 44-9467/1 од 22.10.2018 година.

2. Владата заклучи Информацијата во врска со состојбата со имотот распределен по завршување на стечајни постапки да се разгледа во редовна владина постапка.

3. Во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од 106-та седница на Владата, одржана на 4.12.2018 година, по повод подготвување и доставување на годишните финансиски планови, инвестициони програми и програми за работа на јавните претпријатија основани од државата, агенциите, фондовите и акционерските друштва во државна сопственост и други државни институции, на предлог на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Владата заклучи:

- Се задолжуваат сите јавни претпријатија основани од државата, агенциите, фондовите, акционерските друштва во државна сопственост и другите државни институции, со цел полесно, унифицирано и поефикасно следење, анализа и разгледување на годишните финансиски планови, инвестициони програми и програми за работа во владина постапка, во нивното тековно работење и подготвување на овој тип материјали да ги користат унифицираните табели/урнеци кои се доставени во прилог.

4. Во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од 66-та седница на Владата, одржана на 2.5.2018 година, по однос на Информацијата за одржан координативен состанок, за изнаоѓање начин за обезбедување финансиски средства потребни за реализација на единствениот комуникациско- информативен систем со единствениот Европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија (точка 7), Владата заклучи:

- во формираната Меѓуресорската работна група (оперативен тим) за преземање активности за реализација и имплементација на Системот за итни повици Е-112 во Република Македонија, претставник да номинира и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

5. Владата го разгледа Известувањето на Министерството за труд и социјална политика во врска со Заклучокот од Нацрт - записникот од 61-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.3.2018 година, точка 79, Прашања и предлози, го прифати Известувањето и заклучи Министерството за труд и социјална политика информацијата за прогрес на проектот „Калкулатор за пресметка на пензија и известување за можна пресметка на пензија“ да ја достави до Владата најдоцна до 30 ноември 2019 година.

6. Владата на предлог на Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност а во врска со Обврската за континуирано објавување на службените трошења на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите, замениците на министрите, министрите без ресор, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, што на долг рок ќе обезбеди ефикасност во работење на институциите, зголемена одговорност на власта која работи транспарентно и отчетно без злоупотреба на државните ресурси, ги задолжи претседателот на Владата на Република Македонија, министрите, замениците на министрите, министрите без ресор, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, најдоцна до 31.1.2019 година до Секторот за односи со јавноста во Владата да достават податоци за нивните службени трошоци за временскиот периодот од 1.6.2015 година до 30.11.2015 година и за временскиот периодот од 1.6.2018 година до 30.11.2018 година, кои треба да бидат јавно објавени преку алатката за транспарентност.

7. Владата на предлог на Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност а во врска со обврската за континуирано објавување на службените трошења на директорите и замениците на директорите на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на министерствата, со која на долг рок ќе се обезбеди ефикасност во работење на институциите, зголемена одговорност на власта која работи транспарентно и отчетно без злоупотреба на државните ресурси, ги задолжи директорите и замениците на директорите на самостојните органи на државната управа, на органите во состав на министерствата и на Инспекцискиот совет (Прилог 1) и им укажа на директорите и замениците на директорите на јавните претпријатија, на правните лица со јавни овластувања и на акционерските друштва во државна сопственост (Прилог 2), на своите веб-страници да ги објават податоците за нивните службени трошоци направени за периодот од 1.6.2015 година до 30.11.2015 година и за периодот од 1.6.2018 година до 30.11.2018 година, најдоцна до 15.2.2019 година.

8. Во врска со Извештајот на Комисијата за економски систем и тековна економска политика од 69-та седница, одржана на 17.12.2018 година, а по повод укажувањето на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, на седницата на Владата да се отвори расправа за тоа до каде е постапката во Министерството за финансии за подготвување, доставување и усогласување на новиот текст на Уредбата за утврдување на надоместокот за чување и евапорација на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии ги информира членовите на Владата дека согласно податоците од Работната група во која има претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати се одржани неколку состаноци и дека Уредбата за утврдување на надоместокот за чување и евапорација на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати се очекува да се донесе во јануари 2019 година.

9. Согласно Известувањето на Министерството за труд и социјална политика во врска со Заклучок за Информацијата за изменување на Предлог-законот за вработување на лица со инвалидност произлезени од работната средба со претставници на странски компании во и надвор од технолошко индустриските развојни зони, од 57-та седница на Владата, одржана на 17.8.2016 година, Точка 87, со кој Министерството за труд и социјална политика

е задолжено да достави Предлог-закон за вработување на лица со инвалидност, со краен рок за постапување до 17.12.2018 година, Владата заклучи рокот да се измени и Министерството за труд и социјална политика да го достави Предлог-законот за вработување на лица со инвалидност до крајот на 2019 година.

10. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 9.12.2018 година до 16.12.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-мерки со кои ќе се подобри деловното опкружување и ќе се подигне рангот на Република Македонија кај индикаторот „Услови за прекугранично тргување“ во наредниот извештај Doing Business 2018 на Светска банка, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи имајќи го предвид укажувањето од Министерството за економија, предлагачот да овозможи превод на македонски јазик и потребни обуки на соодветниот стандард за да може државната институција, односно Царинската управа, да се запознае со бараната процедура за исполнување на условот за прекугранична трговија.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Државниот пазарен инспекторат од 1.1.2018 до 30.9.2018 година по области, со Предлог-мерки за сузбивање на сивата економија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерство за економија, како координатор да организира состанок со Министерството за финансии, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Царинската управа, Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи и во рок од три недели до Владата да достави информација со усогласени конкретни мерки за сузбивање на сивата економија.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од обезбедување на средства за генерален ремонт на четири електро и четири дизел локомотиви, како материјал за информирање, имајќи ги предвид анализите доставени од Македонски железници Транспорт АД - Скопје.

**Точка 61**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје, за период од 1.1.2018 година до 31.3.2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД - Скопје за период 1.4. - 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје, за периодот I-III 2018 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за август 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за септември 2018 година, со Табеларниот преглед, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Известувањето за искористени нафта и нафтени деривати отстапени од Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за октомври 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата по конечниот извештај на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеноста за 2017 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај во врска со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 70

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за резултатите на Работната група за имплементирање на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016 - 2018 година, со Финален извештај за самооценување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи при изработката на акциските планови, во рамките на Работната група да бидат вклучени и претставници од Секретаријатот за европски прашања, со цел поефикасно информирање на Европската комисија за преземените мерки и активности во врска со оваа иницијатива за подготовка на двогодишни акциски планови.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, со Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на Државниот правобранител на Република Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија со заклучок коефициентот за пресметување на платата на Државниот правобранител на Република Македонија, да изнесува 3,4, а за државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија да изнесува 3,2.

3. Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 72

Владата го разгледа Предлог-законот за управни спорови (нов текст) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за правда да го усогласи текстот на Предлог-законот со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за управни спорови согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Радица Лазареска-Геровска, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на распределбата на средствата од фондот Banayou Trust, со Нацрт-текст на Акт и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати нацрт-текстот на Актот за распределба и надомест во врска со Banayou Trust.

2. Ја овласти Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и овластен претставник на Република Македонија во Комитетот за распределба на финансиските средства и обврски на поранешна СФРЈ содржани во Анекс В од Спогодбата за сукцесија, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише Актот за распределба и надомест во врска со Banayou Trust.

## Точка 75

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година, со заклучок Министерството за здравство текстот на Програмата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 76

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Национална годишна програма за јавно здравје на Република Македонија за 2018 година и ја донесе Програмата со заклучок Министерството за здравство да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 77

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 78

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со тешка и најтешка телесна инвалидност, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2018 година, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 79

Владата го разгледа најновиот текст на Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Македонија за 2018 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство), како материјал за информирање.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со текст на ревидиран Оперативен план и ја усвои со следниве нови заклучоци:

1. Го прифати ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Македонија од подсметката на Посебен фонд да префрли средства во износ од 36.500.000 денари на сметка на Министерството за труд и социјална политика заради рефундирање на средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување на инвалидни лица, како и рефундирање на средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во заштитните друштва кои не се инвалидни лица и инвалиди на трудот.

## Точка 81

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на проектот „Користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2019 година“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе програма за шест дневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона зима 2019 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на зимскиот распуст во учебната 2018/2019 година.

2. Се задолжува Мила Царовска, министер за труд и социјална политика во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 10 дена да склучи договор за соработка со Црвениот крст на Република Македонија, со цел вклучување на волонтери во улога на воспитувачи/стручни лица кои ќе бидат со децата за време на превозот и престојот во капацитетите за реализација на услугата одмор и рекреација.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија во сите редакции, веб страната на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во ноември/декември 2018 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика веднаш по објавување на јавниот повик во рок од пет дена да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој Проект.

6. Се укажува на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија во рок од три дена од денот на добивањето на јавниот повик за проектот за користење бесплатни услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и корисници на посебен додаток бесплатно да го емитува.

**Точка 82**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за набавка на опрема и услуги за модернизација на критичната инфраструктура на Глобалниот комуникациско - информатички систем во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија преку Програмата за меѓународна продажба на воена опрема - (Foreign Military Sales - FMS) на Владата на Соединетите Американски Држави (нов текст).

**Точка 83**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со барање за измена на одлуките за финансирање на проекти преку Програмите за Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој за 2018 година, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 20.12.2018 година (четврток), откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за Француското интернационално училиште - Скопје (ЕФИС), со текст на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Амбасадата на Република Франција, за работењето на Француското интернационално училиште-Скопје (ЕФИС) во Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Амбасадата на Република Франција, за работењето на Француското интернационално училиште-Скопје (ЕФИС) во Македонија.

2. Се овластува д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Амбасадата на Република Франција за работењето на Француското интернационално училиште-Скопје (ЕФИС) во Македонија.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Националната стратегија на Република Македонија за соработка со дијаспората 2018-2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се менува насловот на стратегијата од „Национална стратегија на Република Македонија за соработка со дијаспората 2018-2023 година“ во „Национална стратегија на Република Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година“.

2. Националната стратегија на Република Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година да биде усвоена од страна на Владата на Република Македонија во првата половина од 2019 година.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:20 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** |
| **Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |